20251142503

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 30 мај 2025 година.

Бр. 08-3128/1
30 мај 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 29/2002, 29/2003, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 40/2009, 48/2009, 81/2009, 50/10, 171/10, 36/11, 98/12, 13/13, 164/13, 44/14, 192/15, 30/16, 21/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 180/19, 103/21 и 86/25), во член 50 ставот (4) се менува и гласи:

„Мандатот на претседателот и членовите на Советот на експерти на Агенцијата изнесува пет години и ниту еден член не може да биде на таа функција повеќе од два последователни мандати.“.

Член 2

Во член 51 став (1) точка д) во воведната реченица зборовите: „не постар од пет години“ се бришат.

Во алинејата 5 сврзникот „или“ се заменува со запирка.

Во алинејата 6 по зборовите: „ниво Б2 (B2)“ се додава сврзникот „или“.

По алинејата 6 се додава нова алинеја 7, која гласи:

„- сертификат и/или уверение со кој се потврдува познавањето на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија - англиски, француски или германски на најмалку ниво Б2 (B2).“.

Во став (3) во точката д) по зборот „должности“ се додаваат зборовите: „и ја злоупотребил функцијата“.

Во точката ж) точката на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка.

По точката ж) се додаваат три нови точки з), ѕ) и и), кои гласат:

„з) несовесно и нестручно ја врши функцијата и има нарушена репутација и интегритет;

ѕ) на друг начин работел спротивно на закон и

и) Собранието не го усвои извештајот за работа на Агенцијата за претходната година.“.

Член 3

Во член 56 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) До усвојување на финансискиот план за наредната година од страна на Собранието на Република Северна Македонија, работењето на Агенцијата времено се финансира во рамки на приходите и расходите планирани во финансискиот план за наредната година донесен од Советот на експерти на Агенцијата.“.

Ставовите (2) и (3) стануваат ставови (3) и (4).

Во ставот (4) кој станува став (5) бројот „(3)“ се заменува со бројот „(4)“.

Ставовите (5) и (6) стануваат ставови (6) и (7).

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој закон им престанува мандатот на членовите на Советот на експерти на Агенцијата кои го исполнуваат условот од членот 1 од овој закон.

Член 5

Одредбите од членот 3 од овој закон, со кој во членот 56 се додава нов став (2), се однесуваат и на доставениот финансиски план на Агенцијата за 2025 година до Собранието на Република Северна Македонија до денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.